**ЗАПИСНИК**
**од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 09.01.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, м-р Горјан Шеќеринов, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.12.2022 година.
2. Предлог за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата на ТВ Ирис од Штип.
3. Предлог за започнување јавна консултација за измени и дополнувања на „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“ по доставено Барање од ЗНМ.
4. Предлог - одлука за одбивање на Барање за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, поднесено од страна на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ за прекршување член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје за прекршување на член 97 став 2 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Непрофитна радиодифузна установа РАДИО МАРИЈА- БЛАГОВЕСТ Струмица за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
11. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штипза прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
12. Предлог за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка – стока: Систем за автоматско управување со документи.
13. Предлог - одлука за одобрување на финансиски средства за претплата на “Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2023 година.
14. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.12.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата на ТВ Ирис од Штип. Објасни дека за овој радиодифузер немаше информација дали ги исполнува условите за потребниот број на вработени согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Во таа насока подолго време се одвиваше комуникацијата помеѓу Агенцијата и радиодифузерот за да ги достави документите со потребните податоци, но како што и Советот знае тоа не се случи и затоа се покрена постапка за одземање на дозволата. По започнување на постапката, непосредно пред новогодишните празници ТВ Ирис по електронска пошта достави скенирани документи, меѓутоа не и во хартиена форма за да се види дали се задоволени потребните услови од Правилникот. На 4 јануари 2023 година, документите пристигнаа во Агенцијата, прегледани се и истите се во ред. Информира дека 15-те дена

од започнувањето на постапката истекоа на 3 јануари оваа година, но со оглед на фактот дека состојбата е поволна и нема да му се одземе дозволата, не пречи да се запре постапката и по истекот на 15-те дена бидејќи радиодифузерот ги исполнува минималните кадровски услови. Од таа причина се предлага до Советот да донесе Решение со кое се запира постапката со што радиодифузерот ќе продолжи со дејноста.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е позитивна работа и секако дека ќе го поддржи предлогот за ТВ Ирис.

Г-дин Ајдини рече дека станува збор за позитивна точка во дневниот ред и добро е што радиодифузерот успеал да ја комплетира документацијата од која се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови согласно Правилникот. Се изјасни дека ќе гласа за да се прекине покренатата постапка за одземање на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година.

Согласно Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор арх.бр.03-28/1 од 03.01.2023 година, е констатирано дека ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за започнување јавна консултација за измени и дополнувања на „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“ по доставено Барање од ЗНМ. Објасни дека пред ЗНМ официјално да го достави Барањето, заедно со претседателот на здружението, директорот на ЗНМ и двајца членови на ЗНМ во Агенцијата се одржа состанок каде што разговарале и притоа го известиле за нивната иницијатива и желба за измена на овој Правилник. Суштината на измената е да националните радиодифузери вработат односно ангажираат новинари надвор од градот Скопје, односно ангажирање на одреден број на сниматели и дописници кој што би известувале за теми од регионално и локално ниво. Во овој момент согласно кажувањето на ЗНМ само мал дел од националните радиодифузери имаат сниматели и дописници надвор од Скопје. За таа цел дали воопшто ќе се премине на измена на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување се предлага да има состанок со националните радиодифузери, ЗНМ и Советот за да се согледаат ставовите на сите заинтересирани страни, па потоа во зависност на тој состанок и расправа ќе се започне или нема да се започне измената на Правилникот.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка да се отвори јавна консултација за ова прашање, за овој предлог или барање од ЗНМ за да се согледа дали условно речено постои критично расположение во медиумската заедница, конкретно кај националните радиодифузери тоа да го прифатат и спроведат затоа што на тој начин би се отворил

широк спектар во локални рамки на медиумскиот пејзаж. Како што рече еднакво е важно да самите национални радиодифузери во својата програма инкорпорираат одреден процент на емисии, прашања и теми кој што се директно поврзани со локална или регионална проблематика, затоа што конечно добар дел од публиката што се гледачи на овие телевизии доаѓаат надвор од Скопје. Апсолутно смета дека доколку темите добијат третман адекватен во програмите на овие радиодифузери истите ќе побудат голем интерес. Се согласи со идејата дека таквите теми знаат да ги отворат или покријат луѓе кои што живеат во тие средини и кој што можат подетално да ги разработат.

Г-дин Ајдини смета дека како идеја од страна на ЗНМ е добра и дека сите заслужуваат да бидат информирани од новинари дописници од локален карактер. Како што е наведено во нивното Барање треба да се донесе заклучок да се започне јавна консултација во врска со предложените измени и дополнувања на Правилникот која ќе трае 30 дена. Тоа го прифаќа но би сакал да се знае и ставот на радиодифузерите оти на пример кој е интересот на ТВ Алсат да има дописник во Струмица. Но добро е да се слушнат и нивните ставови а дали ќе се започне јавна консултација ќе се види потоа.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Заклучок да се започне јавна консултација во врска со предложените измени и дополнувања на „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување" (Пречистен текст) бр.01-3747/1 од 06.10.2022 година по доставено Барање од Здружението на новинарите на Македонија (наш бр.03.23/1 од 03.01.2023 година).

Јавната консултација ќе биде во траење од 30 дена, во кој процес ќе се поканат телевизиите на државно ниво, како и сите други заинтересирани страни да го изразат своето мислење во врска со предлогот на Здружението на новинарите на Македонија пред да се пристапи кон измена на „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување" (Пречистен текст) бр.01-3747/1 од 06.10.2022 година.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог - одлуката за одбивање на Барање за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, поднесено од страна на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип. Објасни дека ТРД 24 Вести имаше поднесено Барање до АВМУ за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Агенцијата согласно ЗААВМУ по пат на јавна набавка ја ангажираше компанија МАРКЕТ ВИСИОН Скопје да изработи Студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс. Согласно заклучоците на Студијата имаше препорака да не се распишува конкурс бидејќи не постојат услови за нов учесник на пазарот. Оваа одлука ТВ 24 Вести ја обжали на Управен суд кој ја поништи одлуката и ја врати на повторно одлучување на Советот. Согласно ЗААВМУ за да се распише конкурс потребно е да има Студија која ќе утврди потреба за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Но, Студијата која што е изработена од страна на МАРКЕТ ВИСИОН е компанија согласно Законот за јавни набавки оспособена да изработува

вакква студија. Во материјалите има прилог дека оваа маркетинг агенција е членка на меѓународната асоцијација, професионалното здружение ECOMAP/ESOMAR за што располага со соодветен доказ/сертификат, а исто така во 2021 година еден сериозен дел од приходите кој што ги имала оваа компанија, преку 7 милиони денари биле приходи од изработка на вакви истражувања на пазарот и испитување на јавното мислење. Со оглед на фактот дека и во мај минатата година имаше Студија која укажа дека не може да биде распишан конкурс и бидејќи не се променети условите, се предлага Советот повторно да донесе иста одлука дека се одбива Барањето за објавување јавен конкурс и исто така по доставување на завршните сметки на радиодифузерите и изработка на Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година односно 30 дена по објавувањето на оваа Анализа, а тоа е некаде околу средината на оваа година, јули или август, Советот по службена должност да започне постапка за доделување договор за јавна набавка за изработка на Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

Г-дин Петрушевски рече дека во материјалите има две главни поенти. Првата е она што го кажал директорот, Советот да остане на првобитната одлука од 18 декември 2020 година дека го одбива Барањето за објавување јавен конкурс и вториот предлог е со оглед на променетите услови и да се види како е во оваа година да се изработи нова Студија во рок од 30 дена од објавата на Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година што се очекува да се случи во јули оваа година. Со овие две одлуки Советот во целост излегува во пресрет на Одлуката на судот и на барањето на заинтересираната страна. Смета дека ова е една фер и правилна одлука. Со тоа се изјасни дека ќе го поддржи предлогот во целост.

Г-дин Трајчев рече дека ги разгледал материјалите и предложената одлука. Од нив е видно дека АВМУ направила детална анализа на работите и дава соодветни одговори на пресудата. Ја разгледал и пресудата и го зачудува навлегувањето на судот во методологијата за начинот на тоа како е изработена Студијата, од причина што судот па и Советот не се доволно стручни па затоа се ангажираат стручни лица за таа работа. Посебно рече делот кој што се поврзува со претежната дејност, од напатсвијата на судот каде што претежната дејност се определува со она што највеќе еден правен субјект го работи, а се определува автоматски по предавање на завршната сметка, но тоа не значи дека го исклучува вршењето на други дејности согласно договорот на друштво или согласно тоа што е запишано како право и му се дава да врши одредени дејности. Во тој дел смета дека компанијата што ја изработила Студијата иако нема таква претежна дејност, има право да врши таква дејност од причина што има таква клаузула и дополнително тоа е поткрепено со други документи. Но сепак бидејќи се залага за институционално следење на напатствијата на судот, смета дека треба да се да се следат напатствијата и да се изработи нова студија, иако и после таа студија веројатно би се добил ист ваков резултат затоа што два пати веќе тоа е потврдено. Сепак рече дека процедурално институционално ќе биде воздржан за одлуката што е предложена од страна на директорот од причина што смета дека треба да се оди со изработка на нова студија. Со ова рече дека ги дал неговите аргументи во ова излагање.

Г-дин Петрушевски објасни дека во материјалите веќе има предлог да се оди со изработка на нова студија, со тоа што Агенцијата ќе ја покрене таа постапка во

средината на оваа година. Тоа прашање е исполнето, но секако го почитува ставот на г-дин Трајчев. Бидејќи немаше дискусии, предлогот го стави на гласање за да биде донесена Одлука да се одбие Барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс од страната ТВ 24 Вести од Штип заедно со сите заклучоци што се наведени во самата одлука, значи гласање и за новата студија некаде во јули месец.

За овој предлог гласаа тројца членови на Советот, г-дин Петрушевски, г-дин Ајдини и г-ѓа Машовиќ и имаше три воздржани гласа од г-дин Фиданоски, г-дин Трајчев и г-дин Јанчески.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека ова не е добра одлука за Советот затоа што всушност не носат никаква одлука и се отвора понатаму простор за компликации. Со ова гласање не е донесена одлуката и се поставува прашањето дали имаат право да предложат нов предлог за нова одлука. Во таа насока побара од членовите на Советот да предложат нов предлог затоа што сега немаат донесено никаква одлука.

Г-дин Трајчев рече дека кажал во неговото мислење во излагањето. Има одлука на судот каде што има напатствија дека во рамки на оваа постапка треба да се изработи нова студија. Посочи дека се залага за тоа да се оди по напатствијата на судот и да се изработи нова студија.

Г-дин Петрушевски му рече на г-дин Трајчев дека во предлогот до Советот има наведено дека ќе се изработи нова Студија после објавување на Анализата на пазарот за 2022 година. Тоа е содржано во предлогот и се поклопува со неговото мислење.

Г-дин Трајчев рече дека има разлика, односно во рамки на оваа постапка каде што има конкретно барање, има управна постапка, каде што судот дал напатствија, неговото залагање е да се изработи Студија во рамки на оваа постапка, да се земат соодветно сите параметри што се во дел од насоките на судот и да се изработи студија, тоа е неговиот предлог.

Г-дин Петрушевски објасни дека во предлогот да се одбие одлуката на страна 53 од материјалот, на крајот од самата одлука пишува: „Согласно член 70 став 1 од ЗАВМУ, со цел утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс во 2023г., Советот на Агенцијата, во рок од 30 (триесет) дена од објавувањето на Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022г., по службена должност ќе започне постапка за доделување договор за јавна набавка за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс“. Ова значи дека изработка на нова Студија се содржи во самиот предлог.

Г-дин Трајчевски објасни дека со податоците за завршните сметки за 2021 година е веќе изработена Студија и таа Студија во месец мај 2022 година е прифатена и резултатите од таа Студија беа повторно идентични. Сега доколку се изработи Студија во овој момент нема да има поразлични податоци со тие што се опфатени во таа Студија што се правеше минатата година. Дури по доставување на завршните сметки за 2022 година тогаш ќе може да се оцени дали има настанато некаква промена. Инаку Студија со завршни сметки од 2021 година е направена и лани во месец мај беше точка

на дневен ред на седница на Совет. Така што сегашното распишување на конкурс е непотребно затоа што во овој момент нема нови податоци со кој се располага за да може да биде направена различна Студија од таа од претходната година.

Г-дин Петрушевски рече дека сега го интересира правно што следи понатаму. Советот сега нема донесено одлука бидејќи гласањето помина со 3 гласа „за“ и 3 воздржани.

Г-дин Фиданоски побара доколку е можно да се добијат неколку минути пауза па надвор од официјалниот дел да се направат консултации, да се види како се стои со временски рокови и слично.

Г-дин Петрушевски даде 10 минути пауза.

По истекот на паузата, г-дин Петрушевски потсети дека имаше гласање за Предлог-одлуката со 3 гласа „за“ и 3 воздржани. На негово барање колегите кои беа воздржани имаат предлог како може ова да се разреши, односно предлог кој што би бил прифатлив за сите.

Г-дин Трајчев објасни дека неговото излагање беше во функција Советот да постапи по напатствијата на судот, каде што судот кажува дека треба да се изработи нова Студија. Податоците кои се достапни во моментот за изработка на Студија се тие од претходната година со кои што веќе беше изработена Студија и се утврди дека не се исполнети условите за објавување на конкурс. Бидејќи процедурално не може да се чека, и Советот мора да донесе одлука, предложи во самата одлука да се додаде дека по излегување на податоците за 2022 година веднаш ќе се објави студија. Со ова на некој начин се оди по напатствијата на судот, се носи одлука и по излегување на податоците ќе се распише јавна набавка за изработка на Студија како што судот укажал и на тој начин ќе се задоволи барањето на судот.

Г-дин Фидановски додаде дека по 30 дена од добивањето на тие податоци Советот да отвори постапка за да се распише оглас за изработка на нова Студија.

Г-дин Петрушевски рече врз основа на ова кажаното досега, ќе проба да формулира измена на одлуката, што значи дека во самата одлука се воведува нов член „3“, а досегашниот член 3 станува член 4. Новиот член 3 ќе гласи: „Согласно член 70 став 1 од ЗАВМУ, со цел утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс во 2023г., Советот на Агенцијата, во рок од 30 (триесет) дена од објавувањето на Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022г., по службена должност ќе започне постапка за доделување договор за јавна набавка за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс“. Објасни дека вака модифицираната одлука направена по дискусиите на г-дин Трајчев, г-дин Фиданоски и по негов предлог ќе ја стави на гласање.

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука со која се одбива Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип арх.бр.03-67/1 од 05.02.2020 г. (наш Уп1 бр.08-55 од 11.02.2020 г.) со дополнување арх.бр.03-958/2 од 21.09.2020 г. (наш Уп1 бр.08-94 од 22.09.2020 г.), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.03-4391/4 од 11.12.2020г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиски програмски сервиси со претежно информативен општ формат и општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс.

Согласно член 70 став 1 од ЗАВМУ, со цел утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс во 2023г., Советот на Агенцијата, во рок од 30 (триесет) дена од објавувањето на Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022г., по службена должност ќе започне постапка за доделување договор за јавна набавка за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 5 и 6**

Г-дин Петрушевски предложи Точките 5 и 6 бидејќи се работи за ист медиум ТВ Спектра, а различни прекршувања на законот да се образложат во еден заеднички вовед а гласањето да биде посебно за секоја точка.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ги образложи предлозите за изрекување на мерка јавна опомена на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица и за прекршување член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањата се констатирани со редовен надзор направен во ноември. Но бидејќи многу долго патуваа извештаите заедно со барањето за изјаснување од радиодифузерот разгледувањето на извештаите се префрли за оваа година. Првото прекршување се однесува за заштита на малолетните лица. Констатирано е дека денот кога е направен надзорот радиодифузерот два играни филмови емитувал со погрешна класификација односно наместо назначени како програми од 4 категорија 16+ кој што не се препорачуваат за деца под 16 години и можат да се емитуваат во периодот од 22 до 06 часот, радиодифузерот ги имаше означено како програми од 2 категорија што не се препорачуваат за деца под 8 години. Истовремено еден од филмовите беше емитуван и во несоодветен временски период од денонокието. Второто прекршување е

на правилата за емитување на македонски аудиовизуелни дела. Наместо 30% на дневно ниво, денот кога е направен надзорот емитувани се 4.84% македонски аудиовизуелни дела. Истовремено не е исполнето законското барање половина од 30% македонски аудиовизуелни дела да бидат емитувани во периодот од 7 до 19 часот. Оттаму за радиодифузерот за двете прекршувања се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена од денот на приемот на решенијата а потоа да се изврши контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот постапил.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4439/1 од 29.11.2022 година и едногласно заклучи на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 4 ноември 2022 година, играниот филм „Добар ден да се умре машки“ беше емитуван и со погрешна сигнализација (8+) и во несоодветен термин од деноноќието, а играниот филм „Девојката од возот” беше емитуван со погрешна предупредувачка сигнализација (8+).

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4432/1 од 29.11.2022 година и едногласно заклучи на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 4 ноември 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од

20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 7 и 8**

Г-дин Петрушевски предложи Точките 7 и 8 бидејќи се работи за ист медиум УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 а различни прекршувања на Законот да се образложат во еден заеднички вовед а гласањето да биде посебно за секоја точка.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ги образложи предлозите за изрекување на мерка јавна опомена на Непрофитната радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје за прекршување на член 97 став 2 од ЗААВМУ и за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека прекршувањата се констатирани со редовен административен надзор направен во декември 2022 година. Првото прекршување е на ЗААВМУ на член 97 став 2, односно обврската да објавува знак за идентификација на радиото најмалку еднаш на секој реален час од радиопрограмата. Ова прекршување е многу ретко, можеби досега и никогаш го немаат констатирано и се предлага да се изрече мерка јавна опомена. Согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, рокот на усогласување е 15 дена а потоа да се направи контролен надзор. Второто прекршување е на член 14 од ЗМ конкретно на обврската за објавување импресум. Констатирано е дека повеќе пати во текот на денот кога е направен надзорот, радиодифузерот ниту во премиерното, ниту во репризните изданија на радио вестите не ги објавил податоците за импресум. Предлогот е да се изрече мерка јавна опомена а рокот на усогласување е 45 дена од денот на приемот на решението а потоа да се направи контролен надзор за да се утврди дали радиодифузерот постапил.

*<u>Гласање по Точка 7</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4618/1 од 15.12.2022 година и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Јанчески заклучи на Непрофитната радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на

член 97 став 2 од ЗААВМУ затоа што на 2 декември 2022 година, не го објавуваше својот знак за идентификација најмалку еднаш на секој еден реален час од радиопрограмата.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 8</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4619/1 од 15.12.2022 година и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Јанчески заклучи на Непрофитната радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа што на 2 декември 2022 година, не ги обезбеди информациите со кои се идентификуваат авторите и уредниците на емитуваните радиовести, а не ги означи ни потеклото ни датумот на нивната продукција.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ

Кичево за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањето е констатирано со редовен програмски надзор направен во ноември 2022 година. И за овој радиодифузер многу долго патуваше извештајот со барањето за изјаснување и податоците дека е примен извештајот стигнаа дури на крајот на декември 2022 година. Од овие причини разгледувањето на извештајот исто така се помести за почетокот на 2023 година. Со надзорот кај радиодифузерот е констатирано непочитување на членот 92 ставовите 1 и 3 кои се однесуваат на правилата за емитување македонски аудиовизуелни дела. Радиодифузерот наместо 30% емитувал 13% македонски аудиовизуелни дела и исто така не го испочитувал барањето половина од 30% македонски дела да се емитуваат во периодот од 7 до 19 часот. Оттаму се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена од денот на приемот на решението а потоа да се изврши контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4431/1 од 29.11.2022 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 3 ноември 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Непрофитна радиодифузна установа РАДИО МАРИЈА- БЛАГОВЕСТ Струмица за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека ова прекршување е констатирано со редовен административен надзор реализиран во декември 2022 година. Станува збор за обврската радиодифузерот да обезбеди информации што треба да им ги направи достапни на корисниците на лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудио медиумската услуга, адресата на седиштето на давателот на аудио медиумската услуга, податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на

веб-страницата, одговорното лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело. Во таа насока се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена а потоа да се изврши контролен надзор. Наведе дека радиодифузерот испрати изјаснување кое е доставено во материјалите во кое велат дека веднаш постапиле по укажувањето и дека е отстранет прекршокот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4621/1 од 15.12.2022 година и едногласно заклучи на Непрофитната радиодифузна установа РАДИО МАРИЈА- БЛАГОВЕСТ Струмица да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 2 декември 2022 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 51 став 1 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 11**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ. Прекршувањето е констатирано со надзорот реализиран во декември 2022 година. И за овој радиодифузер се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена а потоа да се изврши контролен надзор. Радиодифузерот испрати изјаснување во кое велат дека веднаш постапиле откако го добиле извештајот и дека е отстранет прекршокот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4620/1 од 15.12.2022 година и едногласно заклучи на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 2 декември 2022 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението

за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 51 став 1 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 12**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка – стока: Систем за автоматско управување со документи. Објасни дека минатата година во Планот за јавни набавки и во Финансискиот план на Агенцијата беа предвидени средства за набавка на документ менаџмент систем. Бидејќи Планот за јавни набавки е без ДДВ во него има предвидено 5.338.000,00 денари за таа намена. Службите сметале дека треба вредноста на ДДВ да биде 18% и во Финансискиот план се предвидени 6 милиони и 298 илјади 840 денари. Но со објавувањето на јавната набавка сите три компании кои што конкурираа во понудите што ги поднесоа се со 5% ДДВ бидејќи не станува збор за софтвер специјално изработен за АВМУ туку софтвер кој што е изработен за повеќе корисници. Оттаму во рамките на Финансискиот план се предвидени 6 милиони и 298 илјади 840 денари но во планот за јавни набавки е напишано дека сумата без ДДВ нема да надмине 5.338.000,00 денари. Понудата на А1 Македонија која е најповолна е 5.713.880,00 денари или е 375.880,00 денари поголема од сумата што е предвидена во Планот за јавни набавки а вкупната сума со 5% е 300 илјади денари помала од средствата предвидени во Финансискиот план. Затоа за да се реализира набавката се предлага да се дообезбедат 375.880,00 денари со цел да може да се склучи договор за јавна набавка со друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија.

Г-дин Петрушевски рече дека овде повеќе се работи за прераспределба на средствата. Средствата со ДДВ се помали од тие што се предвидени во буџетот а средствата без ДДВ како што се водат набавките се поголеми за тие 375.880,00 денари што е помалку од 10% од проценетата вредност. Ова вообичаено каде што тој работел се прифаќа и се дообезбедуваат средства, така се решава за да биде исправно. Во однос на проценетата вредност над 5 милиони денари, ова е нешто повеќе од 5% и за него е прифатливо и ќе гласа за да се даде одобрување и ова да се реализира за да не се повторува бидејќи ќе се изгуби многу време и непотребно ќе се направат трошоци.

Г-дин Трајчев рече дека ги погледнал понудите што се ставени во материјалите и гледа дека има драстична разлика на еден понудувач во однос со другите две. Практично понудата е една третина пониска од другите и се работи за голема разлика во цена а причината зашто тој понудувач е исклучен е затоа што покрај овие сертификати што ги имал ISO/IEC 9001:2015 и ISO/IEC 27001:2013 ја немал ISO/IEC 27018:2013. Како што рече тие се Совет кој треба да се грижат за финансиските

средства, и нормално ако е нешто неопходно, а тој не задоволил, исклучен е заради тоа. Праша колку сертификатот ISO/IEC 27018:2013 што се барал е суштински значаен за да Агенцијата плати нешто по толку повисока цена, а сепак се работи за понудувач што е долги години на пазарот и го знаат сите.

Г-дин Трајчевски праша за кој точно понудувач станува збор.

Г-дин Трајчев рече дека има три понуди, а една понуда е 1.614.620,00 денари што е 3 пати поевтина од избраната. Станува збор за НЕОКОМ. Праша дали тој сертификат е толку суштински и значаен за да Агенцијата плати трипати поскапа цена?

Г-дин Петрушевски рече дека не може отпосле да се менуваат условите на постапката.

Г-дин Трајчев рече доколку тој сертификат не е толку суштински нека се сменат условите, ако се добива трипати поевтина цена. Побара стручните служби да објаснат колку тој сертификат е значаен за да се плати три пати поскапо.

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити објасни дека сертификатот ISO/IEC 27018:2013 се однесува за безбедност на информации на cloud (облак). Тој во ова време е еден од најбараните сертификати, бидејќи често се случува во институции, да има упади и загрозување на целиот систем. Во врска со јавната набавка објасни дека контактирал со претставници од економскиот оператор НЕОКОМ со желба и тие да учествуваат, но му кажале дека тој сертификат не можат да го обезбедат и при разговор му кажале дека она што Агенцијата го барала не можат да го исполнат и од таа причина на барањето да ја дополнат документација не вратиле одговор.

Г-дин Петрушевски рече дека тој економски оператор ќе се жалел досега доколку имало проблем.

Раководителот Сити објасни дека тие можат да се жалат до второ степена Комисија за јавни набавки. Посочи дека тој сертификат ISO/IEC 27018:2013 е многу битен и значаен во овој момент можеби еден од најбитните за безбедност на информации на „cloud". Агенцијата кога ќе прави бекап (backup) од документ менаџмент систем ќе биде сместен во „cloud" заради поголема сигурност и не би сакале да се случат проблеми како што имаше примери во работењето на некои институции.

Г-дин Петрушевски констатира од материјалите дека има три понуди од кои две се со слична вредност, а третата е рапидно пониска.

Раководителот Саити објасни дека понудата на економскиот оператор НЕОКОМ е 1.614.620,00 денари, и затоа контактирал со негови претставници со цел да ја дополнат документацијата и да учествуваат во набавката, да се вклучат во конкуренција. Меѓутоа нивниот софтвер е од отворен тип и не ги исполнува очекувањата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече дека во Законот има и друга клаузула и се вика „неприфатливо ниска цена". Ако двајца понудувачи понудат 1000 денари, а третиот понуди 50 денари, тој ќе се исклучи. Но сега ова е од друга причина затоа што нема еден сертификат. Објасни дека Советот навлегол во расправа за која што велел дека тоа е работа на службата. Советот дава само одобрување, но сега навлегле во техничка расправа како да се членови на комисија.

Г-дин Фиданоски рече дека е добро да дискутираат. Мисли дека има проблем и во државата, колку што се сеќава во Министерство за образование имаше проблем со системот кој што беше хакиран, па подолго време беше блокиран и имаше проблем со ревитализација и обновување. Не е доволно информатички стручен за да ги објасни тие работи меѓутоа знае дека тоа се случи. Дополнително гледа дека соодносот цена квалитет е со бодови кои што исто така значат при донесувањето на ваквата одлука за да се избере овој понудувач. Се изјасни дека ќе даде поддршка за оваа точка. Праша како информација дали знаат во институциите во Македонија за ова прашање како постапувале и кои се отприлика цените што ги плаќале за да се добијат вакви системи пред се од безбедносен аспект?

Раководителот Саити одговори дека стапил во контакт со Министерството за информатичко општество и администрација, со неговите колеги од Секторот за информатика. Нивната набавка за документ менаџмент систем на ниво на министерства, но не кај сите, е околу 10 милиони евра. Појасни дека овој софтвер е еден од најважните за работење со документи и нивна сигурност, и не треба да се жалат средства во однос на безбедност, квалитет и слично.

Г-дин Трајчев рече неспорно е дека безбедноста на податоците во поново време е нешто што е многу важно, и како членка на НАТО мора да се грижиме за тие работи. Не навлегува во оправданоста, таа не е спорна, потребна е, и сите институции ќе мора да имаат соодветни софтвери кои мора да бидат на највисоко ниво за да се заштитат податоците во државата. Прашањето му е дали овој сертификат што е побаран е доволен да ги обезбеди тие работи или можеби треба да се побара нешто посериозно. Ако тоа е значајно и сите знаат дека е значајно, бидејќи се става како клучен елемент за да се исклучи некој понудувач или не. Како Совет немаат право да навлегуваат во спецификации и како Агенцијата ќе ги води тендерските постапки во условите што ќе се постават и во договорите што ќе се направат, затоа што и договорите што ќе се направат се исто така значајни во смисла какви обврски ќе бидат дадени на тој кој што ќе ја добие набавката, дали ќе има некаква одговорност за тоа. Ако се случи некој проблем на истекување на податоци, блокада на системот, не навлегува во тоа, тоа е работа на АВМУ. Сега во овој момент има предлог да се донесе одлука, што на некој начин со носење на оваа одлука се одобрува она што е одбрано како оператор. Неспорна е потребата, но прашањето е дали тој сертификат е толку клучен и дали е доволен за да се обезбеди таа заштита и под два дали можеби не е подобро да се распише нова соодветна постапка или да се остане на оваа? Советот едноставно треба стручно да знае пред да донесе одлука, затоа што не се стручни во оваа област како да постапат.

Г-дин Трајчевски одговори дека и да се распише нова набавка повторно ќе се бара овој сертификат. Едната од компаниите која што е елиминирана не е во добра финансиска кондиција и затоа можеби понудата е таква. Оваа набавка беше распишана и минатата година, со многу построги услови и ниедна компанија не ги исполни. Една од компаниите што сега конкурираше и минатата година конкурираше и се жалеа до Бирото за јавни набавки Комисија за жалби од прв степен, при што беше потврдена одлуката на Агенцијата за да се поништи јавната набавка бидејќи ниедна компанија не ги исполнуваше условите. Со цел да се овозможи поголема конкуренција оваа година беа за еден степен полиберални условите за да може да се конкурира. Сертификатот што се бара не е единствениот услов за да учествуваат, тој сертификат го немаше

едната од компаниите и има уште многу други услови што треба да ги исполнат фирмите. Фирмата што во моментот би требала да биде избрана и има најмногу бодови и е најповолна понуда. Станува збор за една од најсериозните фирми во Македонија операторот А1 и не се бара нешто што не може некој друг да не го исполни.

Г-дин Петрушевски објасни дека суштината на предложената точка е одобрување на финансиски средства.

Г-дин Трајчевски дополни дека не е потребно да се одобрат нови финансиски средства туку само се прераспределуваат во сумата од 6 милиони и 300 илјади денари, бидејќи софтверот ако бил изработен само за нашата Агенција тогаш ДДВ ќе било 18% а во оваа ситуација е 5%. Сумата од 6 милиони и 298 илјади денари нема да биде потрошена, оваа сума со ДДВ ќе биде околу 6 милиони денари, значи ќе бидат потрошени помалку пари но заради финансиското работење мора точно да биде определено која е сумата со ДДВ и која е сумата без ДДВ. Надвор од Финансискиот план не се дообезбедуваат средства туку само се врши прераспределба во рамките на тие 6 милиони и 298 илјади денари.

Г-дин Петрушевски рече дека сумата со ДДВ е за 300 илјади денари помала од таа што е предвидена во финансискиот план.

Г-дин Јанчески рече дека ја разбира загриженоста на г-дин Трајчев. Тој поставил едно многу интересно прашање на кое што раководителот Саити требаше да одговори. Дали со постоењето на сертификатот на правното лице кое што конкурирало е обезбедена сигурноста и безбедноста на податоците или на тоа треба да се инсистира во рамките на договорот што ќе се прави со економскиот оператор, да гарантира тоа што всушност и сертификатот го бара од тоа лице што го поседува сертификатот?

Раководителот Саити одговори дека сертификатите се еден вид на диплома дека тој што го поседува работи и исполнува некој стандард. Првиот сертификат е за безбедност на информации во системи. Новиот сертификат е за „cloud", кој како технологија подолго време постои но во последните неколку години се употребува помасовно и затоа ИСО имаат направено нов стандард ISO/IEC 27018:2013 кој е потврда дека таа компанија знае да работи со безбедноста на информации за „clouding". На пример ако има движење на информации од Агенцијата до „cloud", безбедноста се воспоставува во тој транспортен дел, некој да не направи тамо упад.

Г-дин Јанчески рече дека ќе го преформулира прашањето. Што ако се случи хаварија односно недостаток во одржувањето на нашиот систем, како Агенцијата ќе се справи во тој случај?

Раководителот Саити рече хипотетички доколку тоа се случи, проблемот ќе се реши по судски пат. Доколку се покаже дека компромитирање на податоците е по нивна вина тогаш тие ќе си сносат одговорност, доколку некој вработен направи несакан проблем тогаш тоа е друга работа.

Г-дин Фиданоски побара од раководителот Сити да објасни, бидејќи била предвидена сума од 6 милиони и 300 илјади денари за оваа намена, дали до оваа бројка се дошло по претходно истражување дека ваквите системи реално чинат толку и дека не може за помалку средства да се набават со сите потребни заштити за да може нормално да функционира нашата институција?

Г-дин Трајчевски рече дека истражувањето го правел Секторот и дека минатата година беше објавена оваа јавна набавка, а цените се движеа во тој ранг.

Раководителот Саити објасни дека пред да започнат со некоја постапка се сретнуваат и се консултираат со луѓе од областа. До таа сума е дојдено со анализа на електронскиот систем на јавни набавки, искуство од други фирми, искуство од економски оператори што ги нудат тие услуги и се заклучи дека цените се тие.

Г-дин Петрушевски рече дека цената зависи и од други работи, како на пример дали се купува хардвер, потоа за колкава институција станува збор, колку податоци има, не може да се каже универзално. Истата оваа набавка во Град Скопје првпат кога се спроведе беше 12 милиони денари, дупло повеќе, но таму е предвиден и хардвер и затоа не може да се споредат, треба многу детално да се направи анализа доколку се прави споредба.

Г-дин Трајчев рече дека неговата загриженост беше во тоа службите и директорот да му потврдат дека овој сертификат што се бара е прво тоа што треба да биде и ќе обезбеди доволна заштита иако Советот нема увид во набавката како се води а немаат ни надлежност како Совет, дека тоа што е поставено во рамки на договорите што го кажал г-дин Јанчески, ќе се обезбедат комплетни, целосни заштити за Агенцијата. Во тој дел било неговото прашање. Инаку Советот нема увид како се спровела постапката, нивно е во однос на материјалите што се дадени, гледаат некоја недоследност или некоја нејасна работа и поставуваат прашања и на Агенцијата е да даде одговори и да се грижат да ги заштитат средствата на Агенцијата како буџетски државни средства, како добри домаќини тоа е основното.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка – стока: Систем за автоматско управување со документи, а следствено на тоа и за изменување на одлуката за потреба од јавна набавка, со текст како што беше предложена.

Одлуката за потреба од јавна набавка бр.05-3924/1 од 25.10.2022 година, се менува во точка 2, и тоа зборовите:

*„ ... 2. Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа одлука, изнесуваат 5.338.000,00 денари, без вклучен ДДВ.*

*За реализацијата на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, средствата се обезбедени во Финансискиот план за 2022-та година".*

**се заменуваат со зборовите:**

*„...2. Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа одлука, изнесуваат 5.713.880,00 денари, без вклучен ДДВ.*

*За реализацијата на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, средствата беа обезбедени во Финансискиот план за 2022-ра година и истите се обезбедени и во Финансискиот план за 2023-та година".*

Во останатите одредби, Одлуката за потреба од јавна набавка бр.05-3924/1 од 25.10.2022 година, останува неизменета.

**Точка 13**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот да донесе Одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 12.200,00 денари со пресметан ДДВ, за претплата на „Службен весник на Република Северна Македонија", во печатена форма за 1 (еден) примерок за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година, за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Износот на средствата е предвиден во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година.

**Точка 14**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-39/14**

**20.01 2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**